СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3 246- 851/852

Бр. 02-438/3
02.05.2020 година, Скопје

П Р А В И Л Н И К
за
составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата

Скопје, 02.05.2020 година

Врз основа на член 121 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14,188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19) и член 21, став 1 точка 21 и член 81, став 1 точка 30 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на седницата одржана на ден **02.05.2020** година донесе

П Р А В И Л Н И К

за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува составот на испитната комисија, начинот на полагањето на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и образецот на уверението за положениот стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (во натомошниот текст: доктори на стоматологија).

Член 2

Стручниот испит се полага заради проверка на стручните способности на докторите на стоматологија по завршувањето на пробната работа, според план и програма утврдени со правилник донесен од министерот за здравство.

II. СОСТАВ НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА

Член 3

Полагањето на стручниот испит го спроведува Стоматолошката комора на Македонија (во натамошниот текст: Комора) пред испитна комисија составена од пет члена и тоа:

- претседател на испитната комисија кој е доктор на науки од областа на стоматологијата, со најмалку пет години работно искуство од денот на стекнувањето на звањето доктор на стоматолошки науки,
- три члена доктори на науки од областа на стоматологијата, со најмалку три години работно искуство од денот на стекнувањето на звањето доктор на стоматолошки науки и
- еден член, дипломиран правник со најмалку пет години работно искуство во подготовка на закони од областа на здравството.

Претседателот и членовите на испитната комисија од став 1, алинеја 1 и 2 на овој член, треба да се и членови на Комората и да се вработени во акредитирана високообразовна установа.

Претседател и член на испитната комисија од став 1, алинеја 1 и 2 на овој член, не може да биде лице кое било вклучено во процесот на изведување на пробната работа на кандидатот.

По исклучок од став 3 на овој член, за член на испитната комисија може да биде назначено лице кое било вклучено во процесот на изведувањето на пробната работа на кандидатот, ако се спроведува методот на истовремена проценка на група кандидати, а не на поединечен кандидат.

Член 4

Испитните комисии се формираат од страна на претседателот на Комората со решение.

Бројот на испитните комисии зависи од бројот на пријавените кандидати во една сесија.

При формирање на испитната комисија, претседателот на Комората е должен да води сметка за различност на специјалностите на членовите на испитната комисија.

Решението за формирање на испитните комисии, освен податоци за претседателот и членовите на комисијата, содржи и податоци за секретар-записничар на испитната комисија (во натамошниот текст: секретар).

Претседателот на Комората за секоја сесија го определува секретарот од редот на вработените во Секторот за државни испити и обуки во Комората.

Доколку некој од членовите на испитната комисија биде спречен да присуствува на денот на одржувањето на стручниот испит, претседателот на Комората со решение го пополнува испразнетото место.

Информатичко-техничка подршка на испитот се врши од страна одговорното лице задолжено за раководење со софтверот - база на испитни прашања за полагање на стручниот испит.

Секретарот - записничар и одговорното лице задолжено за раководење со софтверот - испитната база за стручниот испит, вршат административно-технички работи во врска со спроведувањето на стручниот испит.

III. НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ И НАЧИН НА ПРОВЕРКА НА СТРУЧНИТЕ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

Член 5

Полагањето на стручниот испит се пријавува од страна на докторот на стоматологија кој ја завршил пробната работа (во натамошниот текст: кандидатот), најдоцна во рок од една година од денот на завршувањето на пробната работа, со поднесување на пријава за полагање на стручниот испит со прилог докази:

- уверение и диплома за завршено високо образование од областа на стоматологијата,
- книшка за завршена пробна работа, пополнета согласно планот и програмата за пробна работа и
- потврда за уплатени средства на сметка на Комората.

Доказите од став 1, алинеја 1 на овој член треба да бидат доставени во фотокопија заверена кај нотар, а доказите од став 1, алинеја 2 и 3 на овој член треба да бидат доставени во оригинал.

По исклучок од став 1 на овој член, кандидатот може стручниот испит да го полага и по истекот на една година од денот на завршувањето на пробната работа во случаи на подолго отсутство поради болест, повреда, бременост, раѓање и мајчинство, како и повик од надлежен орган, за што кандидатот, покрај пријава за полагање на стручен испит, треба да достави соодветно писмено барање со соодветен доказ за оправданоста на случајот.

По барањето од став 3 одлучува претседателот на Комората.

Член 6

Кандидатот кој пробната работа ја завршил и стручниот испит ги поминал и положил во странство, најдоцна во рок од една година од денот на завршувањето на пробната работа, може да поднесе пријава за признавање на пробната работа и положениот стручен испит со прилог докази:

- диплома за завршен стоматолошки факултет во странство,
- решение за признавање (нострификација) на високо образование, издадено од соодветен орган во Република Северна Македонија,
- писмен доказ за завршена пробна работа во странство и положен стручен испит и
- програма за пробна работа на државата каде е извршена пробната работа и положен стручен испит.

Доказите од став 1 на овој член се доставуваат преведени на македонски јазик и заверени на нотар.

Член 7

Доставената пријава за полагање на стручен испит, со потребните докази, се разгледува од страна на секретарот на испитната комисија за да се утврди дали се доставени потребните докази за исполнување на условите за полагање на испитот кој ги подготвува и досиејата, записниците и другиот потребен материјал за полагањето на испитот.

Член 8

Секретарот, пријавата на кандидатот кој пробната работа ја завршил и стручниот испит ги поминал и положил во странство, со потребните докази од член 7 од овој правилник ја доставува до посебна комисија на Комората, формирана од претседателот на Комората, составена од три члена.

Членови на комисијата треба да се доктори на науки од областа на стоматологијата, со најмалку пет години работно искуство од денот на стекнувањето на звањето доктор на стоматолошки науки, членови на Комората и вработени во акредитирана високо образовна институција.

По разгледување на пријавата со доказите, од страна на секретарот се испраќа известување до кандидатот дека му е одобрено, односно не му е одобрено полагање на стручниот испит, писмено или по електронски пат.

Кандидатот на кој не му е одобрено полагање на стручниот испит има право на увид во доставената документација и право на барање на повторно разгледување од страна на комисијата.

Одлуката на комисијата по повторно разгледување е конечна.

За кандидатите на кои им е одобрено полагањето, Комисијата од став 1 на овој член им одредува идентификациони броеви под кои ќе го полагаат стручниот испит и ја утврдува листата која ја доставува до испитната комисија.

Член 9

Полагањето на стручниот испит се спроведува во испитни сесии и тоа: во февруарска, априлска, јунска, септемвриска и ноемвриска испитна сесија.

Стручниот испит се спроведува согласно позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

По исклучок од став 1 на овој член, по потреба, заради зголемен број на кандидати може да се определат и други испитни сесии за полагање на стручниот испит.

Кандидатите, пријавите за полагање на стручен испит ги поднесуваат најдоцна до 15-ти во месецот кој претходи на месецот на закажаната испитна сесија, освен во случајот од став 2 на овој член.

Секретарот, најдоцна 15 дена пред денот на полагањето на стручниот испит, писмено или по електронски пат ги известува кандидатите за денот, часот и местото на одржување на стручниот испит.

Трошоците за полагање на стручниот испит се согласно актот со кој е утврдена висината на трошоците за полагање на стручниот испит.

Член 10

Кандидатот, стручниот испит го полага на ден, време и место определено за полагање во доставеното известување.

Кандидатот, најдоцна два дена по приемот на известувањето, го потврдува по писмен или електронски пат присуството за полагање на стручниот испит.

Најдоцна два дена пред полагање на стручниот испит, кандидатот со писмено барање и соодветни докази може да побара одлагање на испитот, само во случаите на подолго отсуство поради болест, повреда, бременост, раѓање и мајчинство, како и повик од надлежен орган, за што одлука донесува претседателот на Комората.

Доколку кандидатот не го потврди присуството или го потврди, но неоправдано изостане, ќе се смета дека не го полагал стручниот испит во таа сесија, а трошокот за повторното полагање ќе биде со иста висина како за оние кандидати кои полагале, но успешно не го поминале првиот или вториот дел од стручниот испит.

Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини (болест, несреќа и сл.) поради кои кандидатот не е во можност да го продолжи полагањето, испитот се прекинува и продолжува во наредната сесија за која кандидатот се пријавил, но не подоцна од истекот на рокот од една година по завршување на пробната работа.

Кандидатот за постоењето на оправданите причини поднесува соодветни докази.

Член 11

Пред отпочнување на стручниот испит, секретарот на испитната комисија врши идентификација на кандидатите преку проверка на соодветен документ за идентификација (важечка лична карта или пасош).

Во текот на траењето на испитот, кандидатот не смее да користи мобилен телефон, други електронски уреди за комуникација, да комуницира со другите кандидати и да се служи со други недозволени средства при полагањето.

Доколку кандидатот постапи спротивно од став 2 на овој член, претседателот на испитната комисија го отстранува од полагањето на стручниот испит, при што се смета дека кандидатот не го положил испитот.

Член 12

Стручниот испит се состои од **два дела** и по правило се изведува во два дена:

- **прв, теоретски дел**, кој се состои од тест кој се полага во електронска форма и со кој се проверува теоретското знаење на кандидатот и

- **втор, практичен дел,** со кој се проверува способноста на кандидатот за примена на стекнатото теоретско знаење во практика.

Член 13

Подготвувањето, ажурирањето и одржувањето на испитните прашања и студиите на случај во базата на прашања во зависност од измените во програмата за пробната работа на докторите на стоматологија, го врши посебна комисија формирана од страна на претседателот на Комората.

Тестот за првиот дел од стручниот испит се формира од базата на испитни прашања и студии на случај, изготвени од комисијата од став 1 на овој член.

Првиот дел на стручниот испит се полага во просторија, посебно опремена за полагање на испитот со материјално-техничка и информатичка опрема и интернет врска.

Тестот е составен од прашања и студии на случај кој компјутерски се генерира, односно по случаен избор го одредува софтвер од базата на прашања и студии на случај, најмногу 15 минути пред почетокот на испитот. Тестот се полага електронски, со избирање на еден точен одговор од понудените четири можни одговори.

Тестот содржи прашања со вкупно 100 бода, односно прашањата се бодирани со 40 бода, а студиите на случај се бодирани со 60 бода.

Тестот се смета за положен доколку се освоени најмалку 30 бода за прашањата и 40 бода за студиите на случај.

Полагањето на тестот трае најмногу 90 минути.

Резултатите од првиот дел на стручниот испит се добиваат на истиот ден од денот на полагањето.

Доколку кандидатот не го положи првиот дел од испитот не може да го полага вториот дел од испитот.

Член 14

Доколку кандидатот не е задоволен од резултатот на тестот, може да поднесе барање за увид во тестот и да изврши увид истиот ден.

Доколку кандидатот по увид во тестот смета дека резултатите не се точни, односно смета дека со дадените одговори го положил тестот, веднаш по увидот може да поднесе барање за увид во тестот кој го врши предиспитната комисија во полн состав.

Испитната комисија во полн состав, по поднесеното барање, врши увид во тестот на кандидатот, пред почетокот на вториот дел на испитот.

Кандидатот може да се стекне со право да продолжи со вториот дел од испитот доколку испитната комисија утврди со одлука дека тестот може да се смета за положен.

Член 15

По положувањето на првиот дел од стручниот испит, кандидатот се упатува на полагање на вториот, практичниот дел од стручниот испит.

Вториот дел на стручниот испит се полага по правило наредниот ден, односно најдоцна за пет дена од денот на одржувањето на првиот дел на стручниот испит.

Практичниот дел на стручниот испит се состои од разговор со пациент, од интраорален и екстраорален преглед на тој пациент и/или од стручна анализа на рендген снимка или други податоци за дентална состојба на даден случај во овластена здравствена установа или во просторот на Комората.

Пред започнување на испитот, испитната комисија на сите кандидати им ја објаснува постапката за полагање на практичниот дел од стручниот испит.

Кандидатот, во овластената здравствена установа или во просторијата на Комората во која е инсталирана опрема која овозможува симулирање на стоматолошка интервенција, ќе влезе заедно со членовите на испитната комисија и ќе добие пациент или рендген снимка или други податоци за

дентална состојба на даден случај, како и образец - анамнестички лист, во кој што го внесува идентификационият број, ги забележува најзначајните податоци од анамнезата, физикалниот наод, диференцијалната дијагноза, како и можните идни испитувања и евентуалната терапија.

Кандидатот го пополнува образецот - анамнестички лист со читлив ракопис и со сите потребни податоци од направениот објективен преглед, односно анализа на рендген снимката или други податоци за дентална состојба на даден случај, во време од 15 минути, по што го предава на претседателот на комисијата.

Во текот на полагањето на практичниот дел од испитот, испитната комисија ги набљудува комуникациските способности на кандидатот, клиничките вештини при објективниот (екстраорален и интраорален) преглед, интерпретацијата на наодите од клиничкото испитување, односно анализа на рендген снимка или други податоци за дентална состојба на даден случај (диференцијална дијагноза, дијагноза, потреба од понатамошни испитувања, план за терапија итн.).

Вториот, практичен дел од испитот се смета за положен доколку мнозинството од вкупниот број на членови на испитната комисија се согласни дека кандидатот дал задоволителен одговор.

Полагањето на практичниот дел од испитот може да трае најмногу 90 мин.

Резултатите од вториот дел на стручниот испит се објавуваат на денот кога се полага практичниот дел.

Член 16

Кандидатот кој не го положил вториот практичен дел од стручниот испит, може повторно да го полага тој дел од испитот уште еднаш во првата наредна сесија, доколку не е изминат рокот од една година од денот на завршувањето на пробната работа.

Ако кандидатот не го положи вториот практичен дел од стручниот испит во рокот од став 1 на овој член, се смета дека не го положил стручниот испит и повторно го полага стучниот испит во целост.

Член 17

По завршувањето на вториот практичен дел од испитот, претседателот на комисијата, во присуство на сите членови на испитната комисија, го известува кандидатот за конечниот резултат од полагањето на стручниот испит.

Испитната комисија работи во полн состав, го спроведува полагањето и ги оценува резултатите од испитот.

Стручниот испит се смета за положен ако испитната комисија оценила дека кандидатот ги положил двата дела на стручниот испит.

Успехот се оценува со „положил“ или „не положил“.

Член 18

За текот на полагањето на стручниот испит и проверката на стручните знаења и вештини се води записник, во кој се содржани податоци за кандидатот: име, презиме и единствен матичен број, датумите на полагањето на првиот - теоретски дел и вториот -практичен дел од испитот, време и место на полагањето, освоените бодови, листата на испитните прашања, поставените прашања на практичниот дел на испитот, заклучокот за постигнатите резултати од испитот, одлуката на испитната комисија дали кандидатот го положил или не го положил стручниот испит, потпис на секретарот на комисијата и потписи на претседателот и членовите на комисијата.

Член 19

Кандидатот кој не го положил стручниот испит во целост (двата дела од испитот), може повторно да го полага испитот се до истекот на рокот од една година по завршување на пробната работа.

Доколку кандидатот не го положи стручниот испит во рок од една година од денот на завршувањето на пробната работа, повторно ја извршува пробната работа.

IV. ОБРАЗЕЦ НА УВЕРЕНИЕ ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ

Член 20

На кандидатот кој го положил стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит.

Уверението за положен стручен испит од став 1 на овој член се издава отпечатено на хартија со бела боја во А4 формат, на образец во прилог бр. 1 кој е составен дел од овој правилник.

Уверението се издава во два примерока, од кои еден примерок се врачува на кандидатот кој го положил испитот.

Член 21

За полагањето на стручниот испит Комората води евиденција во евидентен дневник и ги чува досиејата на сите кандидати кои полагале стручен испит.

Во досието на кандидатот се чуваат: пријавата за полагање со доказите, записникот, тестовите, испитните прашања и други материјали ако ги има, во врска со полагањето на испитот, како и вториот примерок од уверението за кандидатите кои го положиле стручниот испит.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од министерот за здравство.

По добивање на согласност од министерот за здравство, овој правилник ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", списанието на Комората и на веб- страницата на Комората.

Бр. 02-438/3
02.05.2020 година

Собрание на Стоматолошка комора на Македонија
Претседател,
д-р Оливер Манасиев

_____

М.П.

Прилог бр.1

Стоматолошка комора на Македонија
Бр._____
___. ___. 20___година

Врз основа на член 121, став 3 од Законот за здравствената заштита и член 17, став 1 од Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, Стоматолошката комора на Македонија, го издава следното

У В Е Р Е Н И Е

_____, доктор на стоматологија,
(име, татково име и презиме)
роден-а на ден _____, месец _____, _____ година, во _____,
на ден ____.____._____година полагаше стручен испит пред испитната комисија при Стоматолошката комора на Македонија.

Според оценката на испитната комисија,

_____
(име, татково име и презиме)

ГО ПОЛОЖИ СТРУЧНИОТ ИСПИТ.

Претседател на
испитна комисија,
_____

М.П.

Претседател на
Стоматолошка комора на Македонија,
_____